КОАЛИЦИЈА СИТЕ ЗА ПРАВИЧНО СУДЕЊЕ
KOALICIONI KOALICIJA
TË GJITHË PËR GJYKIME TË DREJTA
SARINE BAŠO NIJAMALO KRISIPE

ИЗВЕШТАЈ ОД НАБЉУДУВАЊЕТО НА ИЗБОРИТЕ

за Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција (ОЈОГОКК)



Скопје, 2026

Издавач:

Коалиција „Сите за правично судење“

Автор:

Тимот на Коалиција „Сите за правично судење“

Дизајн и техничка обработка:

Даниел Митковски

Достапно единствено како електронско издание

ВОВЕД И ОПФАТ НА НАБЉУДУВАЊЕТО

Коалицијата „Сите за правично судење“ го набљудуваше изборниот процес за избор на Основен јавен обвинител на Основното јавно обвинителство за гонење организиран криминал и корупција, со цел да придонесе кон транспарентно и непристрасно спроведување на изборот, како и кон јакнење на довербата во постапките за избор на раководни лица во јавното обвинителство. Изборите се одржаа на 28 октомври 2026 година, со непосредно и тајно гласање на јавните обвинители кои имаа право на глас.

За потребите на мониторингот, Коалицијата обезбеди присуство на набљудувачи на сите пет избирачки места и тоа: Јавното обвинителство на Република Северна Македонија, Вишото јавно обвинителство Штип, Вишото јавно обвинителство Гостивар, Вишото јавно обвинителство Битола и Вишото јавно обвинителство Скопје. Овластените набљудувачи го следеа текот на гласањето во периодот од 08:00 до 15:00 часот, а исто така го набљудуваа и пребројувањето на гласачките ливчиња во рамки на секое гласачко место. Оценките во овој извештај се засноваат на сознанијата од непосредното набљудување, како и на сумираните податоци за излезноста и изборните резултати.

ТЕК НА ГЛАСАЊЕТО И ПРЕБРОЈУВАЊЕТО

Според извештаите на набљудувачите од сите пет избирачки места, гласањето во набљудуваниот период се одвиваше во мирна и уредна атмосфера, без инциденти и без забележани неправилности во примената на правилата за гласање. Организацијата на избирачките места и постапувањето во текот на гласањето овозможија непречено остварување на избирачкото право на јавните обвинители, со почитување на непосредноста и тајноста на гласањето.

Позитивна е и оценката за постапката на пребројување на гласовите. Според набљудувачите, пребројувањето беше спроведено уредно и согласно предвидените правила, без евидентирани неправилности кои би ја довеле во прашање точноста на утврдените резултати. Во рамките на непосредно следените постапки не беа забележани околности што би упатувале на нарушување на интегритетот на гласањето или пребројувањето

ИЗЛЕЗНОСТ И РЕЗУЛТАТИ ОД ГЛАСАЊЕТО

Од вкупно 187 јавни обвинители со право на глас, своето право го искористиле 175 јавни обвинители, односно 94%. Не гласале 12 јавни обвинители. Од вкупно предадените гласачки ливчиња, 171 биле важечки, а четири гласачки ливчиња биле неважечки и истите се на избирачкото место во Вишото јавно обвинителство Скопје.

Избирачко место	ЈО со право на глас	Гласале	Излезност
ВЈО Штип	26	25	96%
ВЈО Гостивар	28	27	96%
ВЈО Битола	24	22	92%
ВЈО Скопје	98	91	93%
ЈОРСМ	11	10	91%
ВКУПНО	187	175	94%

Највисока излезност е забележана на избирачкото место во ВЈО Гостивар (96%), а најниска во ЈОРСМ (91%). Сепак, на сите пет избирачки места учеството било високо, што укажува на значителен интерес на јавните обвинители за изборот на Основен јавен обвинител на ОЈОГОКК.

Што се однесува пак до резултатите, најголем број гласови освои јавниот обвинител Искра Хаџи Василева, вкупно 64 гласа, односно 37% од важечките гласови, што е за седум гласа повеќе од второрангираниот кандидат Трајче Пеливанов, кој освои 57 гласа. Податоците по избирачки места покажуваат дека јавниот обвинител Искра Хаџи Василева освоила најмногу гласови во ВЈО Скопје (31), ВЈО Штип (12) и ВЈО Битола (11).

Кандидат	Освоени гласови	Процент од важечките гласови
Искра Хаџи Василева	64	37,43%
Трајче Пеливанов	57	33,33%
Јован Цветановски	30	17,54%
Фатон Азизи	14	8,19%
Лидија Раичевиќ	6	3,51%
ВКУПНО	171	100,00%

ПРЕДВРЕМЕНО ОБЈАВУВАЊЕ НА НЕОФИЦИЈАЛНИ РЕЗУЛТАТИ

И покрај позитивната оценка за спроведувањето на гласањето и пребројувањето на гласовите, Коалицијата смета дека посебно внимание заслужува фактот што неофицијални информации за исходот од изборите беа објавени во медиумите уште во првиот час по затворањето на избирачките места, односно пред најавеното официјално соопштување на резултатите од страна на Советот на јавните обвинители кое беше закажано во 19:00 часот. Ваквата практика остава неповолен впечаток за професионалноста и институционалната организираност при спроведувањето на изборната постапка, особено имајќи предвид дека станува збор за избор на раководна функција во едно од најзначајните јавни обвинителства во државата. Иако предвременото објавување на информациите само по себе не укажува на неправилности во гласањето или пребројувањето, тоа го доведува во прашање начинот на управување со информациите и почитувањето на предвидениот редослед за нивно официјално соопштување. Оттука, Коалицијата укажува дека во идните изборни постапки е потребно да се посвети поголемо внимание на навременото, координирано и институционално соопштување на изборните резултати, со цел да се избегнат ситуации во кои информациите стануваат достапни во јавноста пред нивното официјално објавување од надлежниот орган. Ваквиот пристап е значаен не само за зачувување на професионалноста и интегритетот на изборната постапка, туку и за зајакнување на довербата во транспарентното, одговорно и доследно постапување на Советот на јавните обвинители.

ОПШТА ОЦЕНКА И ПРЕПОРАКИ

Гледано во целина, изборниот процес за Основен јавен обвинител на ОЈОГОКК може позитивно да се оцени во одредени аспекти на транспарентноста. Јавното претставување на кандидатите и програмите на четири од петте кандидати пред Советот на јавните обвинители, одржано на 13 октомври 2026 година, овозможи јавноста да се запознае со нивната професионална кариера како и со нивните приоритети и визии за раководење со обвинителството. Дополнително, позитивен исчекор претставува и овозможувањето на независен мониторинг на изборниот ден, вклучително и следењето на гласањето и пребројувањето на гласовите од страна на набљудувачите на Коалицијата. Присуството на независни набљудувачи на сите пет избирачки места, како и јавното сумирање и соопштување на резултатите, се значајни практики за институционална отчетност и доверба во изборот. Коалицијата смета дека ваквата отвореност треба да се задржи како воспоставен стандард и дополнително да се зајакнува во идните изборни постапки. Особено е важно да се обезбеди навремено и еднакво информирање на јавноста, јасна процедура за официјална објава на резултатите и доследна заштита од предвремено неовластено споделување информации. Коалицијата препорачува и понатаму да продолжи практиката на јавно претставување на кандидатите, да се гарантира непречен пристап за независно

набљудување на сите релевантни фази и институциите проактивно да ги објавуваат проверените податоци за излезноста и гласањето.

Заклучно, непосредното набљудување не утврди неправилности при спроведувањето на гласањето и пребројувањето на гласовите, додека високата излезност на јавните обвинители и овозможувањето независен мониторинг на изборниот ден, вклучително и присуството на набљудувачи при гласањето и пребројувањето, претставуваат позитивни показатели за спроведувањето на изборниот процес. Сепак, овие позитивни аспекти треба да се разгледуваат одвоено од констатираните недостатоци во институционалното информирање на јавноста, особено во однос на предвременото објавување неофицијални информации за изборните резултати, што укажува на потребата од дополнително унапредување на професионалното известување и комуникацијата со јавноста.